ФОНДАЦИЈА ТОМА ФИЛА
бр. 05-4/3
26.02.2021 год.
Битола

Врз основа на член 21 алинеа 8 од Статутот на Фондацијата Тома Фила - Битола од 24.04.2017 година, Директорот на Фондацијата, на 26.02.2021 година, на Одборот на Фондацијата му го поднесува следниот

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА**
**НА ФОНДАЦИЈА ТОМА ФИЛА**
**ЗА 2020 ГОДИНА**

Фондацијата Тома Фила, во согласност со Статутот на Фондацијата, додели една стипендија во календарската 2020 година, во соодветна пропишана процедура.

Имено, со Одлука бр.02-5/1 од 06.03.2020 година, Одборот на Фондацијата одлучи да се објави Конкурс за доделување стипендија Тома Фила на 11.03.2020 година, за еден талентиран студент на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Правен факултет – Кичево, дисперзирани студии во Битола, на втор циклус студии, со остварен просек најмалку 8 и на прв и на втор циклус студии, со постојана адреса на живеење во Општина Битола. Стипендијата се доделува за едногодишно стручно усовршување како адвокатски приправник кај адвокат со регистрирано седиште на подрачјето на Општина Битола, во бруто износ од 10.000,00 денари, од кој 9.000,00 денари за стипендистот и 1.000,00 денари за плаќање персонален данок на тој износ.

Со Одлука бр.02-5/3 од 23.06.2020 година, Директорот на Фондацијата одлучи Конкурсот за доделување стипендија Тома Фила кој требаше да биде објавен на 11.03.2020 година, за тековната 2020 година, а не се објави заради воведената вонредна состојба за пандемијата од Коронавирусот и болеста COVID-19, по завршувањето на вонредната состојба на 22.06.2020 година, да се објави на ден 24.06.2020 година.

Заради тоа, врз основа на Одлуката на Одборот на Фондацијата бр.02-5/1 од 06.03.2020 година и на Одлуката на Директорот на Фондацијата бр.02-5/3 од 23.06.2020 година, Конкурсот за доделување Стипендија Тома Фила бр.02-5/4 беше објавен на 24.06.2020 година на веб страните на Универзитетот и Правниот факултет - Кичево и траеше 15 дена.

Одборот на Фондацијата Тома Фила со Решение бр.02-5/5 од 13.07.2020 година, формира Комисија во состав: доц. д-р Мирјана Ристовска, продекан на Правен факултет – Кичево – претседател, д-р Елена Китановска Ристоска – советник во Ректоратот на УКЛО – член и д-р Христина Велјановска, советник во Ректоратот на УКЛО, која имаше задача да ја спроведе целокупната постапка по

Конкурсот и да му поднесе писмен Извештај со соодветен предлог на Одборот на Фондацијата.

Комисијата одржа состанок во Ректоратот на Универзитетот на 17.07.2020 година и констатира дека во предвидениот рок се пријави еден кандидат и тоа Мерита Шахин, од Битола, која ги доставила сите потребни документи од кои утврди дека таа ги исполнува потребните услови од Конкурсот, заради што на Одборот на Фондацијата Тома Фила Комисијата му предложи да ја избере Мерита Шахин од Битола, за стипендист на Фондацијата Тома Фила со стипендија во бруто износ од 10.000,00 денари за едногодишно стручно усовршување како адвокатски приправни кај адвокатот со регистрирано седиште на подрачјето на Општина Битола. За својата работа Комисијата состави Записник кој беше заведен под бр. 02-5/6 на 17.07.2020 година.

Одборот на Фондацијата Тома Фила, врз основа на предлогот на Комисијата, донесе Одлука бр. 02-5/7 од 17.07.2020 година, со која го избра студентот Мерита Шахин од Битола, за стипендист за едногодишно стручно усовршување како адвокатски приправник кај адвокат со регистрирано седиште на подрачјето на Општина Битола, со стипендија во бруто износ од 10.000,00 денари.

Во соработка со Адвокатската комора на Република Македонија, Адвокатска заедница - Битола, а врз основа на нивниот Допис, стручното усовршување како адвокатски приправник избраниот стипендист Мерита Шахин од Битола, ќе го реализира кај АДВОКАТ Игор Петковски, од Битола.

**Директор на Фондацијата,**

**Проф. д-р Сашо Коруновски**